**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Историја и општество

## за VI одделение

**Скопје, 2025 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Историја и општество*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | **ИСТОРИЈА**<br>• Вовед во историјата<br>• Праисторија<br>• Најстарите цивилизации<br>• Балканот во Стариот век<br>• Стариот Рим<br>**ГЕОГРАФИЈА**<br>• Ориентација во географскиот простор<br>• Географија на медитеранските земји<br>**ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**<br>• Демократија и закони |
| **Број на часови** | 3 часа неделно/108 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди.<br>• Учебник.<br>• Енциклопедии, речници, историски атлас, географски атлас.<br>• Историски карти и атласи.<br>• Хамер, флипчарт, маркери, хартија за цртање, боички, линиар, шестар, ножички, лепило, леплива лента, компјутер, ЛЦД проектор.<br>• Илустриран материјал за: старите цивилизации, светското културно наследство, Средоземно море, часовни зони.<br>• Глобус, физичко-географска карта на светот, географски карти со различен размер (планови, топографски, политички, стопански итн.), компас. |

| | |
|---|---|
| | • Работни листови (според учебник/прирачник), неми карти.<br>• Календар за сметање на времето и илустрации од историски календари.<br>• Илустративен приказ на историските периоди.<br>• Прикази за археолошки наоѓалишта во светот и нашата држава.<br>• Временска лента за настани од минатото.<br>• Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи.<br>• Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста.<br>• Други извори на учење: споменици на културата, музеи, библиотеки, национални институции. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Историја и општество во шесто одделение може да ја изведува:<br><br>За Историја<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по историја со археологија-наставна насока, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.<br><br>За Географија<br>• студии по географија, наставна насока, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.<br><br>За Граѓанско образование<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на |

| | |
|---|---|
| | акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по историја со археологија-наставна насока, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по социологија, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран социолог, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по филозофија, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран филозоф, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по филозофија и граѓанско образование, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократска култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |

| | |
|---|---|
| VI-A. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A. 6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува; |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-A.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| VI-A.19 | да ја објаснува важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето; |
| VI-A.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат; |
| VI-A.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| VI-A.23 | да ги идентификува географските карактеристики на континентите, регионите и државите во светот и да ги поврзува со нивниот општествен развој; |
| VI-A.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој; |
| VI-A.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето; |
| VI-A.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато; |
| VI-A.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат. |

| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|---|
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б. 8 | секој граѓанине должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја,односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет,кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост, Математика и природни науки, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.5 | да подготви и одржи говор со различна содржина и за различна цел, имајќи го предвид аудиториумот (возраста и етничкиот/културниот диверзитет); |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |

| | |
|---|---|
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| III-A.5 | да препорачува/применува размер во различни контексти од секојдневниот живот, |
| III-A.16 | да изработува и користи цртежи во размер и да толкува мапи, |
| III-A.25 | да одлучува како да ги провери резултатите и размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот, |
| III-A.29 | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци, |
| III-A.67 | да се ориентира во просторот со помош на скици, мапи, снимки и дигитални прикази на дадени географски подрачја. |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-A.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (например: ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |

| | |
|---|---|
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела привреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно,со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| III-Б.5 | љубопитноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла; |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на икт ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос конверодостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите,за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна –како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителности односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култураодстрана на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**ИСТОРИЈА**

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: ВОВЕД ВО ИСТОРИЈАТА<br>Вкупно часови: 3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. ја објаснува важноста од учење на историја како наставен предмет;<br>2. ги класифицира и споредува историските извори според нивната веродостојност и ја проценува нивната важност за историјата како наука;<br>3. ја објаснува поделбата на историјата и ги споредува главните одлики на историските периоди;<br>4. ги споредува начините на сметањето на времето во минатото и денес и пресметува временски периоди.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развие почитување за  историјата како наука и наставен предмет и нејзината улога во современото општество.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими)</td><td>Стандарди за оценување</td></tr>
<tr><td>• Зошто и како учиме историја?<br>(минато, историја, историчари, Херодот, историски концепти)</td><td>• Го објаснува значењето на историската наука и нејзината појава.<br>• Го објаснува предметот на проучување на историската наука.<br>• Ги наведува историските концепти за учење историја.</td></tr>
<tr><td>• Поим за историски извори<br>(историски извори, филологија, археологија, музеј, архив, библиотека)</td><td>• Ги класифицира и споредува видовите на историски извори.<br>• Ги поврзува видовите на историски извори со установите во кои се чуваат (архив, музеј, библиотека).</td></tr>
<tr><td>• Поим за историско време</td><td>• Ги објаснува поимите хронологија, ера, век, календар, историски периоди.<br>• Ја објаснува поделбата на историјата и главните одлики на историските периоди.<br>• Ги објаснува начините на сметање на времето и се служи со лента на времето.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| (хронологија, век, ера, календар, праисторија, камено и метално време, стар, среден, нов, најнов век) | • Лоцира одредена временска одредница (десетлетие, век, милениум) на лента на времето. |

**Примери за активности**

- Наставникот на долг хамер, или на повеќе споени листови, црта една права и објаснува дека ќе се изработи лента на времето на која хронолошки ќе бидат внесени одредени историски настани. На почетокот на лентата се обележува Праисторија, а потоа Историја. Учениците на овој час ги обележуваат само основните периоди, како што се палеолит, неолит, почеток на новата ера и т.н. Со секоја наредна лекција, се додаваат конкретни настани и цивилизации. Наставникот ги охрабрува учениците да користат различни бои или симболи за различните цивилизации. На ваков начин учениците ќе ја визуализираат хронолошката поврзаност и паралелните случувања во различни региони, што ќе им помогне полесно да запомнат години и периоди преку логична поврзаност.
- Наставникот ги дели учениците на помали групи и секоја група добива наставен материјал на кој се наоѓаат:

  – фотографија на археолог на археолошко наоѓалиште;

  – напишани различни години и датуми;

  – текстови напишани со различно писмо;

  – слики на неколу гробови;

  – слики на неколку монети.

  На еден лист се напишани помошни историски науки: археологија, хронологија, палеографија, хералдика и нумизматика со објаснување на нивниот предмет на проучување. Наставникот им дава упатство да ги поврзат помошните историски науки со предметите кои се наоѓаат на листот. Потоа наставникот на табла ги запишува помошните историски науки, а претставник на групата го поставува листот кој одговара до науката.
- Наставникот објаснува дека сите траги кои ги оставил човекот во минатото откриваат детали за минатото и начинот на живот на нашите предци. Разговара со учениците и им поставува прашања:

1. Врз основа на кои траги од минатото можеме да знаеме како изгледале нашите претци? (*фотографии*)

2. Како знаат во какви услови живееле нивните нивните баби и дедовци некогаш? (*приказни, песни, писма*)

Наставникот ги наведува видовите на историски извори и црта на таблата табела со три колони: вид на историски извори; кои се; каде се чуваат. Најпрво се пополнува првата и третата колона, а потоа наставникот на глас кажува измешано историски извори (пример пари, песни, закони, накит, договор), а учениците одговараат во која колона треба да се впишат.

| |
|---|
| • Учениците се делат во парови или групи и добиваат материјали кои вклучуваат пишан извор, слика или реплика на артефакт прекриена со земја/песок (која треба да ја „откопаат“), писмо и куса нарација (опис на некој историски настан или личност, но без јасен контекст). Нивната задача е преку истражување и анализа на различните видови извори да расветлат и откријат што точно се случило и каде. |

| | |
|---|---|
| Тема: ***ПРАИСТОРИЈА***<br>Вкупно часови: 8 | |
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. го објаснува создавањето на првите човечки заедници и промената од номадски на постојан начин на живот;<br>2. го објаснува и споредува животот на луѓето во каменото и металното време;<br>3. ги објаснува општествените и стопански промени и секојдневниот живот на луѓето во праисторијата;<br>4. ги опишува културните, научни и технолошки достигнувања на праисториските луѓе;<br>5. ги објаснува и споредува верувањата на праисториските луѓе. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Првите човечки заедници**<br>(еволуција, орда, род, братство, племе, камено време, палеолит, неолит, номади) | • Ја објаснува поделбата на каменото време и неговите основни карактеристики.<br>• Го опишува и споредува животот на луѓето во старото и младото камено време. |
| • **Појавата на земјоделството и сточарството**<br>(привремени и постојани населби, земјоделци, сточари, камена секира, рало, железен плуг, лак и стрела) | • Ги објаснува појавата на земјоделството, сточарството и занаетчиството и промените што настанале во животот на праисториските луѓе. |
| • **Откривањето на металите**<br>(бакар, калај, железо, леење, ковање, орудија, алати, оружје, натурална размена) | • Ја објаснува поделбата на металното време и неговите карактеристики.<br>• Ги опишува последиците од откривањето и обработката на металите.<br>• Го објаснува раслојувањето на општеството. |
| • **Мугрnative на новите технологии**<br>(тркало, лост, наводнување, одводнување) | • Опишува како науката и технологијата го промениле животот на луѓето во праисторијата.<br>• Ја објаснува важноста на новите пронајдоци и технологии во праисторијата. |

| | |
|---|---|
| • **Почетоците на човечката уметност** (пештерска уметност, археолошки локалитети, наколни населби, Ласко, Алтамира, Крапина, Лепенски Вир, фигурини, Големата божица-мајка, Говрлево, Тумба Маџари) | • Ги опишува најважните обележја на уметноста во праисторијата.<br>• Ги наведува најважните споменици на пештерската уметност во Европа.<br>• Ги наведува најважните праисториски локалитети на територијата на РС Македонија (Тумба Маџари, Говрлево, Црнобуки, Анзабегово и др.) и најважните наоди од нив. |
| • **Верувањата на праисториските луѓе** (погребување, некропола, тотемизам, анимизам) | • Ги објаснува најстарите верувања на праисториските луѓе.<br>• Го опишува значењето на природата и природните појави во настанокот на верувањата на праисториските луѓе. |

**Примери за активности**

- Учениците следат презентација за животот на човекот во каменото време и појавата на првите човечки заедници. Наставникот ги дели учениците во две големи групи во кои учениците работат во парови. Секоја група добива одредени илустрации и задача да го опише животот на луѓето според илустрациите.

  Првата група: Илустрации за животот на човекот во старото камено време;

  Втора група: Илустрации за животот на човекот во младото камено време.

  На таблата наставникот црта Венов дијаграм и ги внесува информациите од презентациите на учениците. Заедно дискутираат за сличностите и промените во животот на праисториските луѓе.

- Наставникот преку презентација им објаснува на учениците како изгледале живеалиштата во праисторијата, нивната функција и материјалите што се користеле за нивна изградба. За домашна работа, учениците добиваат инструкции да изработат макета на земјанка, колиба и наколно живеалиште од достапни материјали (дрвени стапчиња, хартија, лепак, картон). На следниот час, учениците ги носат своите изработки, а наставникот организира изложба каде што секој ученик го објаснува процесот на изработка и значењето на живеалиштето во контекст на праисторијата. Истата активност може да се спроведе и подоцна со изработка на модели на римски вили и инсули.

- Наставникот подготвува референтни фотографии од познати пештерни слики (пр. Ласко, Алтамира) и материјали за цртање (хамери, картони или платно, бои). На час, учениците се поделени во групи и секоја група добива фотографија за репродукција. Учениците со своите раце создаваат копии на сликите, обидувајќи се да го доловат стилот и симболиката на оригиналните уметнички дела. Наставникот активно поставува прашања (пр. „Што мислите, зошто луѓето го нацртале ова животно?“ или „Каква приказна може да кажува оваа слика?“), мотивирајќи ги учениците да се стават во улога на праисториски луѓе и да создадат приказна за сликата.

- Секој ученик влече лист на кој е запишана една природна појава (грмотевица, дожд, снег), а наставникот ги поттикнува да ја замислат ситуацијата кога луѓето за првпат ја доживеале. Секој ученик треба да создаде краток мит или приказна преку која ќе се

обиде да го објасни настанувањето или значењето на природната појава. Учениците можат да додадат симболи и цртежи како „свети објекти“ кои ќе ја илустрираат нивната приказна.

- Наставникот прикажува видео-презентација за позначајните наоѓалишта во Македонија од каменото и металното време и најзначајните наоди што се ископани. На учениците во пар им задава наставен материјал со прашања и задачи и нема карта. Учениците треба: 1. Да нацртаат табела со три колони во која ќе внесат имиња на наоѓалишта од старото и младото камено време и од металното време. 2. Да ги означат на немата карта наоѓалиштата во Македонија и да нацртаат одредени карактеристични наоди. Следува активност во која учениците со глинамол изработуваат различни наоди пронајдени во Македонија.

Тема: ***НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ***

Вкупно часови: **12**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги именува најстарите цивилизации и објаснува кога и каде настанале;
2. го објаснува создавањето на градовите-држави во Месопотамија и создавањето на првите кралства и империи;
3. го објаснува развојот на египетската цивилизација и нејзиното влијание на подоцнежните цивилизации;
4. го опишува општественото уредување и секојдневниот живот во најстарите цивилизации;
5. ги споредува и објаснува верувањата и религиите на народите во Месопотамија и Египет;
6. ги опишува културните, научните и технолошките достигнувања во најстарите цивилизации.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развие почитување за најстарите цивилизации како дел од светското културно наследство.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Државите во Месопотамија** (цивилизација, град, град-држава, меѓуречје, Сумер, Акад, Бабилон) | • Ги опишува појавата и развојот на цивилизациите по течението на реките Тигар и Еуфрат.<br>• Ги опишува природните услови и ја објаснува нивната улога во појавата и развојот на првите цивилизации.<br>• Ги наведува најважните кралства и империи во Месопотамија и ги опишува нивните основни одлики. |
| • **Стариот Египет** (Горен и Долен Египет, Нил, династија) | • Ја определува местоположбата на старата египетска цивилизација на историска карта.<br>• Ги опишува најважните одлики на египетското кралство. |
| • **Кралеви и фараони** | • Ги опишува облиците на државно уредување: град-кралство, кралство, империја. |

| | |
|---|---|
| (кралство, империја, законик, фараон, законикот на Хамураби) | • Ја опишува улогата на фараонот во пирамидата на општествената хиерархија и именува познати фараони.<br>• Ја разбира важноста на правниот поредок и ги посочуваат најважните законици (на пример, законикот на Хамураби).<br>• Ја објаснува улогата на Хамурабиевиот законик во секојдневниот живот на луѓето. |
| • **Општеството во Месопотамија и Египет** (благородници, слободни луѓе, робови, крал, свештеници, писари, војници, занаетчии, трговци, селани, положбата на жената) | • Ги наведува општествените слоеви во кралствата во Месопотамија и Египет и ги разбира нивните улоги.<br>• Ја опишува (преку примери) положбата на жената во одделни стари цивилизации. |
| • **Секојдневниот живот во најстарите цивилизации** (канали, насипи, брани, базени, урми, глина, папирус, земјоделство, риболов, занаетчиство, трговија, морепловци) | • Ги опишува главните занимања на населението и наведува примери на занимања карактеристични за одделни стари цивилизации.<br>• Го опишува секојдневниот живот на луѓето (храна, облека, прослави) користејќи примери од одделни стари цивилизации. |
| • **Развојот на науките и технологиите во Месопотамија и Египет** (математика, астрономија, астрологија, медицина, мумија, градителство, зигурат, пирамида, храмови) | • Наведува примери на технолошки достигнувања во различни стари цивилизации и накусо го објаснува нивното значење.<br>• Го опишува развојот на градителството и јавните градби.<br>• Објаснува како новите оружја и патната мрежа стануваат средства за војна и освојување.<br>• Ја објаснува улогата на старите цивилизации во развојот на астрономијата и астрологијата.<br>• Ја објаснува (преку примери) улогата на старите цивилизации во развојот на медицината, фармакологијата и математиката. |
| • **Културата на Месопотамија и Египет** (сликарство, вајарство, релјеф, фреска, сфинга) | • Наведува примери на уметнички дела/архитектонски достигнувања на старите цивилизации и накусо ги опишува. |
| • **Писменоста и образованието во најстарите цивилизации** (писмо, сликовно писмо, клинопис, хиероглифи, писарски школи, гласовно писмо, алфабет, литература, еп) | • Ги препознава писмата на старите цивилизации, наведува каков вид е секое писмо и објаснува што претставуваат знаците во одделните писма.<br>• Ги опишува материјалите за пишување што се користеле во старите цивилизации.<br>• Објаснува на кој начин писмото и образованието во најстарите цивилизации го промениле животот на луѓето. |

| | |
|---|---|
| | • Наведува примери на литературни дела од старите цивилизации и накусо ја објаснува нивната тематика/содржина. |
| • **Религијата во Месопотамија и Египет** (религија, верувања, политеизам, божества, храмови, свештенство, балсамирање, гробници, мумија) | • Ги опишува карактеристиките на божествата во најстарите цивилизации.<br>• Ги објаснува верувањата поврзани со раѓање, живот и смрт кај народите од одделни најстари цивилизации.<br>• Наведува примери на храмови/светилиштата на најстарите цивилизации и ги опишува нивните карактеристики.<br>• Наведува сличности и разлики во религиите на најстарите цивилизации. |

**Примери за активности**

- Наставникот им презентира на учениците карта со природно-географските карактеристики (реки, пустини, морињa, планини) на Месопотамија. Преку презентација објаснува за појавата на првите градови на просторот меѓу реките Тигар и Еуфрат, за природните услови и создавањето на првите градови-држави. Ги наведува најзначајните кралства и империи во Месопотамија и ги запишува на табла: Сумер и Акад, Асирија и Бабилонско кралство. Учениците се делат во три поголеми групи. Секој ученик во групата добива картичка со прашања кои се однесуваат на државата што им е доделена, а потоа добиваа упатства каде да ги бараат одговорите на прашањата. Учениците работат во групите и ги запишуваат одговорите. Откако учениците ќе завршат со работа, наставникот формира нови групи од по три ученика: еден од групата која работела за Сумер и Акад, друг од групата која работела за Асирија и трет од групата која работела за Бабилонското кралство. Учениците треба да го обединат она што го откриле во претходите групи во една целина – Месопотамија. Групите ги презентираат завршните согледувања. Останатите ученици дополнуваат и евентуално ги коригираат неточните информации. Потоа, во отворена дискусија заеднички ги констатираат природните услови кои довеле до настанокот на конкретната цивилизација и нејзините посебности. Истата постапка се повторува за сите кралства/империи и притоа секоја следна се споредува со претходните. На крајот, во дискусија со сите ученици се заклучува за улогата на природните услови во појавата и развојот на државите на Месопотамија.
- Учениците следат презентација за улогата на фараонот во стар Египет. Наставникот на табла црта пирамида на општественото уредување на Стариот Египет. Потоа, учениците поделени во парови добиваат лист со нацртаната пирамида со празни места на кои треба да ги запишат општествените слоеви во египетската држава. Секој пар, по внатрешна дискусија, ги распоредува: фараонот, свештениците, робовите, селаните, занаетчиите, трговците, војниците, благородниците, писарите во соодветното ниво на хиерархија. Наставникот ги повикува учениците да го опишат општественото уредеување во Стариот Египет на основа на податоците од пирамидата како и од презентацијата која ја проследија. Наставникот им поставува прашања на учениците:
    1. Кој го сочинувал слојот благородници?
    2. Кои општествени слоеви биле слободни луѓе?
    3. Кои биле неслободни луѓе (робови)?

4. Како се станувало роб во државите на Стариот Исток?

5. Каква била положбата на жената во Стар Египет?

6. Како се викале/нарекувале жените-фараони?

7. Кои биле писарите?

8. Кој писар станал најпрво војсководец, а потоа и фараон?

Потоа учениците поделени во групи добиваат задача да истражат за фараоните: Рамзес II, Тутанкамон, Нефретити, Хатшепсут и Кеопс и да изработат постер за животот и особеностите на избраниот фараон. На крајот ги презентираат изработените постери.

- Учениците се делат во групи (по случен избор) и секоја група влече по едно ливче на кое е запишан еден од следните закони на Хамураби: – Доколку некој му го извади окото на друг, ќе биде казнет со вадење на негово око. Ако некој некому скрши коска, ќе биде казнет со кршење на негова коска. – Доколку некој удри ќерка на друг слободен човек и предизвика да го изгуби нероденото бебе , ќе плати 10 сребрени шекели. – Доколку синот го удри својот татко, ќе му се отсечат рацете. – Доколку куќата падне и при тоа загине сопственикот, тој што ја изградил куќата ќе биде убиен. - Доколку некој украде нешто од храм или од палата, ќе биде убиен. Секоја група дискутира за тоа на какво дело се однесува казната во дадениот закон, зошто казнувањето не е фер, како тој закон придонел да се воведе ред во тоа време. Секоја група го пишува „својот“ закон на табла и ги презентира одговорите на прашањата што ги дискутирала. На крајот се води дикусија со сите за да се заклучи дека Хамурабиевиот законик послужил да се воведе ред и поредок во Бабилон во врска со различни аспекти на секојдневниот живот на луѓето (семејство, ропство, сопственост, трговија и сл.), но дека, од денешна перспектива, правдата не се постигнува преку спроведување сурови казни.
- Наставникот ја објаснува важноста на трговијата за древните цивилизации, а потоа им ја претставува задачата: секоја група ќе учествува на пазар, каде ќе разменуваат добра со други цивилизации. Секој „штанд“ на пазарот е различна цивилизација. Учениците разговараат со другите групи, нудат добра кои ги имаат во изобилство и бараат добра кои им недостасуваат. Учениците мора да објаснат зошто им е потребен одреден ресурс и како ќе го користат. По завршување на трговијата, секоја група во табела го презентира исходот:

  (1) Кои ресурси ги добиле?

  (2) Како успеале да ги набават?

  (3) Што научиле за другите цивилизации?
- Учениците се делат во групи (по случаен избор) и секоја група влече лист со текст (историски извор) кој опишува различни аспекти во врска со положбата на жената во одделна стара цивилизација. Групите треба да го прочитаат текстот и да одговорат на следните прашања во врска со „нивната“ цивилизација: (1) Какво било правото на жената да поседува имот? (2) Што можела да работи (во кои занимања)? (3) Какво било нејзиното право да учествува во власта? (4) Каква била нејзината улога во семејството? (5) Колку биле рамноправни со мажите?

Откако секоја група ќе ги презентира одговорите на сите прашања, во заедничка дискусија со сите се наведуваат сличностите и разликите во положбата на жената од една до друга цивилизација.

- Наставникот започнува разговор со учениците за најпознатите градби во старата египетска држава – пирамидите, преку визуелна презентација на внатрешноста на една египетска пирамида. Потоа се чита приказната за Сфингата и се води разговор за нејзината улога и прашањата кои таа ги поставувала:

  1. Што мислите, дали секој можел да влезе во пирамидите?
  2. Каква била улогата на сфингата?
  3. Какви прашања поставувала таа?
  4. Дали мислите дека освен сфингата и во самата пирамида постоеле прашања и непознаници за оние луѓе кои ќе влегле во неа?
  5. Дали знаете што е лавиринт?

  Наставникот им објаснува на учениците што е лавиринт; како и дека во пирамидите постоеле лавиринти од ходници во кои само ретки луѓе се снаоѓале и го знаеле вистинскиот пат низ нив. Учениците се делат во групи (по случаен избор) и секоја група добива лавиринт (работен лист). За да стигнат до целта низ лавиринтот има букви А, Б, В, Г, Д, Е, и кога учениците ќе стигнат до нив мора да одговорат на прашања кои се распоредени по тежински нивоа. Наставникот разговара со учениците на следните прашања:

  1. Како се чувствувавте кога работевте во групата?
  2. Дали заеднички одговаравте на прашањата?
  3. На кои загатки наидовте?
  4. Дали мислите дека луѓето во време на старата египетска држава успешно ги решавале загатките на кои наидувале во пирамидите?

- Учениците, поделени во 4 групи (по случаен избор), добиваат задача да истражуваат на интернет и во историска литература за развојот на науките и технологијата кај народите на Месопотамија и Египет . Првата група истражува за најзначајните пронајдоци кои го олесниле животот на луѓето, втората група истражува за развојот на медицината и фармакологијата, третата група истражува за развојот на математиката, геометријата, астрономијата и астрологијата. Четвртата група истражува какви промени настанале во јавниот и приватниот живот на луѓето со развојот на науките и каде се применувале знаењата од секоја научна дисциплина. Секоја група собира податоци, ги селектираат и изработуваат плакати кои потоа ги презентираат. На крајот на часот учениците преку поставени прашања од страна на наставникот одговараат и водат дискусија за сите промени кои се случиле кај луѓето со развојот на науките и технологиите. Учениците добиваат задача да изработат споредбена табела во која ќе ги внесат информациите кои биле презентирани на часот.

- Учениците поделени во групи добиваат задача да истражуваат за улогата и влијанието на културата на Месопотамија и Египет и изнаоѓање на конкретни примери за најзначајните културни и научни достигања на овие цивилизации. Групите ги презентираат

резултатите, а потоа се води дискусија за точноста на информациите и за влијанието на наведените достигнувања за развојот на науката. Се издвојуваат најважните научни и културни достигнувања на Сумерците, Вавилонците, Старите Египјани и се води дискусија за нивната улога и влијание во секојдневниот живот на луѓето.

- Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да создаде пиктограми, додека другата – фонетски знаци за обични предмети од околината. Потоа, со користење на нивните креации, учениците ќе состават едноставни, кратки пораки. Групите меѓусебно ќе ги разменат пораките и ќе се обидат да ги дешифрираат. Оние ученици кои сакаат повеќе да творат, можат да создадат мали глинени плочи на кои ќе се обидат да симулираат клинопис**.**

- Учениците во пар читаат и анализираат делови од зачувани текстови, епови, легенди и митови од книжевноста на народите на Стариот исток (текстови од пирамидите, Епот за Гилгамеш, легенди за сумерските и бабилонските херои). Заедно со наставникот дискутираат за содржината и моралните поуки на овие текстови. Наставникот разговара со учениците на следните прашања:

  1. Дали сте прочитале некој мит досега? Можете ли да го раскажете накратко?
  2. Какви емоции ви предизвикува содржината, пријатни или непријатни? Зошто?
  3. Има ли некакво наравоучение во митовите?
  4. Зошто денес луѓето немаат потреба да измислуваат митови?

  Потоа учениците добиваат работен лист за да обојат/илустрираат еден мит од митологијата на народите на Стариот Исток.

- Учениците се поделени во мали групи или парови, секоја група/пар добива слика на бог или божица , со задача да ја истражи улогата на секое божество и да го претставуваат преку цртеж. Сите цртежи се закачуваат на ѕид и секоја група ја презентира својата претстава за своето бог/божество. Потоа, наставникот на табла ги запишува следните општи карактеристики на верувањата и религиите кај народите на Стариот Исток (многубошци, машки и женски божества, ритуали и жртвувања, верувања во живот после смртта, храмови и светилишта, митови ).Откако ќе бидат запишани карактеристиките, преку дискусија со сите ученици се определуваат сличностите (заеднички карактеристики) и разликите во верувањата и религиите на народите на Стариот Исток.

- Наставникот организира квиз на знаење за утврдување и систематизација на темата. Ги дели учениците во 3 екипи (А, Б, В), водејќи сметка за воедначеноста на екипите. Ги објаснува правилата на квизот:

  1. Секоја екипа одбира по еден ученик кој ќе одговара на прашањата. Останатите членови на екипата учествуваат во формулирање на одговорите. Наставникот чита прашање за екипата А (прашањата за квизот се во форма на презентација, илустрирани со одредена слика или цртеж), која одговара. За точен одговор се добива 1 поен.
  2. Ако екипата А не го знае одговорот или згреши, одговара екипа Б. За точен одговор добиваат 1 бод, ако згрешат или не го знаат одговорот, одговара екипа В.
  3. На второто прашање прво одговара екипата Б по ист принцип, на третото екипа В и така до крајот на листата со прашања.

  Наставникот на таблата црта табела за впишување на бодови. Ја контролира точноста на одговорите и ги впишува поените за секоја екипа во табелата на табла.

| Тема: ***БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК***<br>Вкупно часови: **23** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. го објаснува создавањето на градовите-држави во Стара Грција и ги препознава разликите во нивните општествени уредувања;<br>2. ги објаснува војните на грчките полиси и нивното влијание и значење за Старите Грци;<br>3. ги наведува териториите каде живеле Илирите, Античките Македонци и Тракијците и ги опишува карактеристиките на животот и владеењето во илирските, македонските и тракиските кралства;<br>4. ги наведува териториите што ги освоил Александар III Македонски и ги објаснува културните влијанија во рамките на неговата империја;<br>5. ги споредува општественото уредување, стопанскиот и секојдневниот живот на античките балкански народи;<br>6. ги опишува културните, научни и технолошки достигнувања на античките балкански народи и го препознава нивното влијание во современото општество ;<br>7. ги објаснува и споредува верувањата и религиите на античките балкански народи.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развие почитување за културното наследство на античките балкански народи. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Најстарата историја на Грција**<br>(Грција, Хелада, критско-микенска култура, Ахајци, Илијада, Одисеја, Троја) | • Ја определува географската положба на Грција на историска карта и ги посочува нејзините предности за развојот на Стара Грција.<br>• Ги именува носителите на критско-микенската култура.<br>• Ги препознава основните одлики на критско-микенската култура.<br>• Го опишува т.н. Хомерско време. |
| • **Спарта и Атина**<br>(полис, олигархија, демократија, спартијати, периојки, хејлоти, аристократија, демос, робови, должничко ропство, Солон, Клејстен, Совет на старци, Народно собрание, Перикле) | • Го објаснува значењето на град-држава (полис) во Стара Грција.<br>• Ги наведува најпознатите градови-држави и ги лоцира на историска карта и на временска лента.<br>• Ги анализира уредувањата на Атина и на Спарта и ги препознава разликите меѓу нив.<br>• Прави разлика меѓу античката робовладетелска и современата демократија.<br>• Препознава елементи на атинското демократско наследство во денешно време. |
| • **Војните на грчките полиси** | • Објаснува што довело до Грчко-персиските и Пелопонеска војна (причини) и укажува на нивното значење (последици). |

| | |
|---|---|
| (Персија, хоплити, Маратон, Термопили, Саламина, Леонида, Темистокле, политички сојуз, Атински поморски сојуз, Пелопонески сојуз, Пелопонеска војна) | • Прави разлика меѓу одбранбена и напаѓачка војна врз примерот на овие војни.<br>• Ја разбира улогата на војната како дел од животот на античкиот човек. |
| • **Македонското кралство**<br>(Антички Македонци, Горна и Долна Македонија, династија Аргеади, хетајри, Ајга, Пела, Дион, статер, Александар I, Пердика II, Аминта III, Филип II, Демостен, филипики) | • Ги наведува античките македонски племиња и областите што ги населувале.<br>• Го определува просторот и времето на појавувањето на македонското кралство на историска карта и временска лента.<br>• Ги именува познатите македонски кралеви (Пердика I, Александар I, Филхелен, Архелај I, Филип II) и го објаснува нивното владеење.<br>• Го објаснува значењето на реформите за јакнењето на Македонското кралство во времето на Филип II. |
| • **Илирите и Дарданците**<br>(Илири, Енхелејци, Тауланти, Дарданци, Бардилис, Агрон, Теута) | • Ги набројува илирските и дарданските племиња и областите што ги населувале.<br>• Го определува просторот и времето на создавањето на илирските племенски сојузи и кралства.<br>• Ги опишува односите на Илирите и Дарданците со нивните соседи.<br>• Ги именува најпознати илирски владетели (Бардилис, Агрон, Теута) и го опишува начинот на нивно владеење.<br>• Ги наведува политичките и економските посебности на различните илирски кралства. |
| • **Тракија и кралството на Одрисите**<br>(Тракијци, Ситалк, Терес I, Севт III, Филипопол, Сердика, Севтопол, Одриско кралство) | • Ги набројува тракиските племиња и областите што ги населувале.<br>• Ги опишува односите на Тракијците со нивните соседи.<br>• Го објаснува создавањето на Одриското кралство и ги именува неговите најзначајни владетели. |
| • **Времето на Александар**<br>(Александар III, фаланга, империја, Букефал, Гордиев јазол, Аристотел, хеленизам, хеленистичка култура, Антигониди, Селевкиди, Птолемаиди, Клеопатра) | • Ги опишува животот и владеењето на Александар Македонски.<br>• Ги наведува најважните битки на Александар III во Азија.<br>• Ја опишува територијата што ја освоил Александар III Македонски во текот на неговото владеење.<br>• Ги објаснува културните влијанија на териториите освоени од Александар III Македонски.<br>• Ја поврзува политиката на Александар III со појавата на хеленистичката култура.<br>• Ги објаснува причините за распаѓањето на империјата на Александар и создавањето на хеленистичките држави. |

| | |
|---|---|
| | • Ги наведува кралствата формирани по распадот на империјата на Александар. |
| • **Општествениот и стопанскиот живот во грчките полиси** (аристократи, плутократи, демос, робови, агора, ефеби, гимназион, Олимписки игри, трки, панкратион) | • Го опишува општествениот живот во градовите-држави на Стара Грција.<br>• Го објаснува континуитетот и промените во положбата и односите меѓу различни општествени слоеви во стара Грција.<br>• Набројува разни стопански дејности на населението во полисот и го објаснува нивното влијание на животот на луѓето и полисот.<br>• Ги наведува разликите меѓу Атина и Спарта во воспитувањето на децата и улогата на жената.<br>• Ги разбира значењето на атлетските натпревари и Олимписките игри во животот на античките Грци.<br>• Посочува примери за спортови кои се присутни и во современите Олимписки игри. |
| • **Грчката колонизација** (колонизација, матица, колонија, пентеконтера, триера, трговија) | • Ги наведува причините за големата грчка колонизација и нејзините главни правци.<br>• Ја објаснува улогата на Феникијците и Грците во посредничката трговија, како и културната важност на колониите за продлабочување на контактите меѓу античките племиња и народи.<br>• Ги разбира последиците од големата грчка колонизација за развојот на Грција и античкиот свет. |
| • **Општествениот и стопанскиот живот на античките балкански народи** (градови, утврдени населби, монети, земјоделство, сточарство, лозарство, трговија и морепловство) | • Ги опишува начинот на живеење и стопанските дејности на античките Македонци, Илирите и Тракијците.<br>• Ги објаснува економските особености на античките кралства на Балканот и прави споредба меѓу нив.<br>• Опишува елементи од животот на античките балкански народи врз основа на различни историски извори. |
| • **Жариштата на античката наука** (Питагора, Архимед, Хипократ, Херодот,Тукидид, Ксенофонт, Ератостен, Самос, Атина, Алесандрија, Музејон, Библиотека) | • Ја објаснува улогата на старите Грци во развојот на математиката, историјата, медицината, географија и други науки.<br>• Го наведува придонесот на Питагора, Архимед и Хипократ во развојот на математиката, науката и медицината.<br>• Ја опишува дејноста на Музејонот и Библиотеката во Александрија.<br>• Ги наведува достигнувањата во науката и техниката во класичната антика и хеленистичкиот период и го објаснува нивното влијание на современиот свет.<br>• Ја согледува важноста на научната дејност и технолошките достигнувања во Александрија за развојот на светската наука. |

| | |
|---|---|
| • **Културата во класичната антика и хеленистичкиот период**<br>(култура, театар, трагедија, комедија, Ајсхил, Софокле, Еврипид, филозофија, Сократ, Платон, Аристотел, Акропол, Партенон, вајарство, Фидија, Пракситeл, Лисип, седум светски чуда) | • Ја објаснува улогата на образованието и писменоста во развојот на грчката култура.<br>• Го опишува изгледот на театрите во Стара Грција и ја објаснува улогата на грчкиот театар како место за комуникација и културна надградба.<br>• Ги наведува најважните претставници на грчката филозофија.<br>• Ги наведува најважните претставници на грчката книжевност, сликарството, вајарството и градителството и ги објаснува нивните достигнувања.<br>• Наведува примери на уметнички дела/архитектонски достигнувања од класичната антика и хеленистичкиот период и накусо ги опишува нивните достигнувања.<br>• Ги опишува спомениците на хеленистичката култура како дел од светското културно наследство. |
| • **Античкото културно наследство на Балканот**<br>(хеленизација, археолошки ископувања, Идомена (Исар Марвинци), Гортинија (Вардарски рид), Требениште, Добер, Пела, Ајга, фрески, гробници, погребни маски, театри, утврдени населби, Дирахион, Аполонија, Билис, Скадар, накит, сребрени садови, сокровишта) | • Ги наведува и опишува населбите, зачуваните градби, артефактите и културното наследство на античките Македонци на територијата на РС Македонија, Република Грција и Република Бугарија (Исар Марвинци (Идомена), Вардарски Рид (Гортинија), кралските гробници во Ајга, палатата во Пела и др.).<br>• Ги наведува и опишува населбите, зачуваните градби, артефактите и културното наследство на Илирите на територијата на балканските држави.<br>• Ги наведува и опишува објектите и артефактите од тракиското културно наследство и значајните тракиски сокровишта.<br>• Ја објаснува важноста на античките градови на Балканот (според археолошките артефакти и местоположбата) како воено-административни и културни центри. |
| • **Боговите и хероите на Стара Грција**<br>(Олимп, Зевс, Атена, Посејдон, Хера, Дионис, Арес, Афродита, пантеон, олимписки богови, митологија, херои, гиганти, титани, Прометеј, Херакле, свештеници и пророчишта, Делфи) | • Ги наведува имињата и улогите на грчките богови и божици од Олимп.<br>• Го објаснува влијанието на грчката митологија врз животот на луѓето.<br>• Ја објаснува улога на храмовите и свештениците во практикување на религијата во Стара Грција. |
| • **Религијата и верувањата на балканските племиња и народи**<br>(многубошци, култ, верување во задгробен живот, Силван, Биндос, Медаур, Дион, Диос, Зејрена, Херакле, тракиски коњаник) | • Ги опишува главните божества на античките Македонци, разликите со олимписките богови и посведочените култни обичаи.<br>• Ги наведува главните божества на илирските племиња и нивните култни појавувања.<br>• Ги опишува верувањата на Тракијците и нивните култни појавувања. |

**Примери за активности**

- Наставникот им презентира на учениците карта со природно-географските карактеристики (реки, мориња, планини, острови) на Стара Грција. Преку разговор со учениците објаснува за природните услови и создавањето на првите градови-држави. Ги поттикнува да размислуваат за предностите (тежок плен за освојување) и недостатоците (никогаш не создале заедничка држава) на географската положба и природните услови на Хелада. Учениците се делат во две поголеми групи (во рамките на групите учениците работат во пар). Првата група добива работен лист со задачи за Критската култура, а втората група работен лист со задачи за Микенската култура (изготвени од наставникот). Учениците работат во пар, ги запишуваат одговорите на прашањата и разменуваат искуства и ги усогласуваат одговорите. Потоа ги презентираат одговорите од работните листови и дискутираат за карактеристиките и носителите на Критската и Микенската култура. Наставникот преку кратка видео презентација објаснува за Хомеровото време и Илијадата и Одисејата по што следува дискусија и изработка на мисловна мапа.
- Учениците поделени во 6 групи истражуваат за создавањето на полиси во стара Грција и за Спарта и Атина. Секоја група добива работен лист со задачи: (1) Основање и население на Спарта, (2) Државно уредување, (3) Воспитувањето во Спарта, (4) Основање и население на Атина, (5) Државно уредување, и (6) Развој на атинската демократија. Наставникот на табла изработува временска лента на која се означуваат податоците од истражувањата на групите. Потоа се изработува Венов дијаграм за Спарта и Атина и се запишуваат сличностите и разликите меѓу овие полиси.
- Учениците подготвуваат постер за Персиските војни. За таа цел се делат во групи и секоја група истражува за различни аспекти за војните, а сознанијата до кои доаѓата сите групи се презентираат на заеднички голем хамер:

  1. група: Црта временска лента на која ги наведува (и илустрира) битките кај Маратон и кај Термопилите.

  2. група: Црта на историска карта каде се одвивале двете битки.

  3. група: Ги наведува причините за Персиските војни.

  4. група: Објаснува од каде потекнува поимот Маратон/Маратонска трка што се користи денес.

  На крајот, преку прашања што ги поставува наставникот, се резимира кога, како и зошто се одвивале Персиските војни.
- Учениците подготвуваат постер за Пелопонеските војни. За таа цел се делат во групи и секоја група истражува за различни аспекти за војната, а сознанијата до кои доаѓаат сите групи се презентираат на заеднички голем хамер:

  1. група: Црта временска лента на која го обележува периодот на одвивање на војната и ја илустрира војната преку слики.

  2. група: Ги наведува двете страни во војната и ги илустрира со слики.

  3. група: Ги наведува причините за војната и последиците по завојуваните страни.

  4. група: Ги опишува последиците од војната по населението (разурнувањата, болестите, страдањата и т.н.)

На крајот, преку прашања што ги поставува наставникот, се резимира кога, меѓу кого и зошто се одвивала Пелопонеската војна.

- Наставникот прикажува визуелна презентација за основањето на македонската држава и нејзиното јакнење и проширување до Филип II. Учениците во парови добиваат неми карти на кои треба да ја означат територијата на државата, позначајните области, племињата кои ја населувале и престолнините Ајга и Пела. Наставникот презентира сопствена карта и заедно со учениците се проверува точноста на информациите. На временска лента се означува владеењето на најзначајните македонски кралеви до Филип II.
- Учениците, поделени во три групи, добиваат задолжение да истражуваат на интернет за начинот на живеење, за верувањата и за културата на античките Македонци. Заедно со наставникот ја проверуваат точноста на податоците. Потоа првата група изработува постер за начинот на живеење на античките Македонци. Втората група изработува постер за верувањата на античките Македонци, за нивните богови и за верскиот центар Дион. Третата група прави постер за културата на античките Македонци, за јазикот на кој зборувале, за престолните Ајга и Пела и за кралската гробница во Вергина. Потоа учениците ги презентираат информациите и преку отворена дискусија се заклучува за начинот на живеење, за верувањата и за културата на античките Македонци.
- Наставникот прикажува 3D приказ на македонската фаланга и на оружјето и опремата на еден македонски војник. Разговара со учениците за подемот на македонската држава во време на Филип II и на таблата изработува табела со две колони: воена реформа и економска реформа. Потоа ги дели учениците во 4 групи и им задава 2 работни листа со задачи и прашања.

  1. Првата и втората група ги изработуваат задачите од првиот лист и ја попонуваат првата колона од табелата;

  2.Третата и четвртата група ги изработуваат задачите од вториот лист и ја пополнуваат втората колона од табелата;

  Учениците ги презентираат одговорите на задачите и заедно со наставникот ја пополнуваат табелата на таблата. Изведуваат заклучоци за улогата на Филип II во прераснувањето на Македонија во најголема балканска сила, неговиот карактер и за влијанието на реформте во јакнањето на државата.
- Учениците, поделени на три групи, добиваат задача да направат постери истражувајќи на интернет. Првата група изработува постер за начинот на живеење на Илирите, втората група добива задолжение да изработи постер за верувањата на Илирите со наведување на познатите богови и нивното значење, за други ритуали во рамките на нивните верувања, а третата група – за културата и центрите на култура кај Илирите, какви што биле градовите Аполонија и Дирахион. Ја проверуваат точноста на сите информации заедно со наставникот. Потоа ги презентираат постерите и дискутираат за тоа на каков начин живеело населението во селата, а како во градовите, колку се разликуваат верувањата на Илирите од оние на Старите Грци, како и тоа кои се најважни материјални остатоци за културата на Илирите.
- Учениците на временска лента изработена од наставникот на табла го определуваат перидот на формирање и постоење на кралствата на Енхелејците, Таулантите, Ардиеите и Дарданците и на карта со стикери го обележуваат просторот каде што биле формирани овие кралства. Учениците прават споредби што се случувало на политички, а што на економски план кај овие кралства. Потоа учениците дискутираат за времето и просторот на појавување на илирските кралства, како и за политичките и економските промени во илирските кралства во различни периоди.

- Учениците, поделени на три групи, добиваат задолжение да изработат презентација за илирските владетели. Истражуваат на интернет, енциклопедии и други извори. Потоа заедно со наставникот ја проверуваат точноста на податоците. Едната група изработува за владетелот Бардилис, другата група за Агрон, и последната група за Теута. Истражуваат и пишуваат за тоа кога, каде и како владееле овие тројца владетели. Потоа дискутираат за тоа што се случувало во времето на нивното владеење, со кого војувале, какви промени се случиле во времето на нивното владеење и кога и на каков начин престанале да постојат нивните кралства.
- Учениците, поделени во две групи, истражуваат кога и на кои територии живееле Тракијците. Потоа учениците добиваат задача да истражат за Одриското кралство – на која територија се простирало, кога било создадено и до кога траело и каква била улогата на неговите најпознати владетели (Ситалк, Терес, Котис I, Севт III). Учениците заедно со наставникот прават презентација на сите пронајдени податоци за Тракијците, териториите каде живееле и времето во кое живееле и владееле одделни нивни владетели.
- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист со прашања во врска со Тракијците:

  1. Кои биле главни занимања на Тракијците?

  2. Какво уредување имале?

  3. Каква била положбата на жените?

  4. Во кои богови верувале?

  5. Како ги погребувале умрените?

  6. Кои инструменти ги свиреле?

  За да одговорат на прашањата, учениците спроведуваат истражување. На крајот ги презентираат и споредуваат одговорите на секое прашање, а наставникот дополнува или коригира по потреба.
- Секој ученик добива празна „страница од дневник“ (хартија која може да биде натопена во кафе или чај за да изгледа старо) со нема карта од териториите освоени од страна на Александар III. Учениците замислуваат дека се дел од неговата армија и бираат улога (на пример војник, заповедник, извидник, лекар, историограф). Наставникот ги мотивира да се стават во улогата и да размислуваат за чувствата, предизвиците и успесите на нивниот лик. Учениците преку истражување треба да одговорат на следните прашања:

  1. каде се наоѓаат? (пр. кај реката Граник)

  2. какви природни предели гледаат и каква е климата?

  3. што прават тој ден? (пр. се подготвуваат за опсада, се соочуваат со непознати животни, запознаваат нови луѓе облечени во карактеристична облека)

4. кои се нивните мисли за походот – дали се горди, исплашени или сакаат да се вратат дома?

Учениците ја цртаат рутата на Александар III според опишаните битки и територии. На картата ги обележуваат:

1. главните битки

2. освоените територии

За картата учениците можат да создадат легенда со боја за разни аспекти (битки, логори, нови територии). Покреативните ученици дневникот можат да го украсат со оружјето што го користеле, пејзажи, облека, нови животни.

- Учениците, поделени во групи, подготвуваат презентација за животот и владеењето на Александар III Македонски врз основа на податоците до кои дошле преку истражување. Половина од групите составуваат временска лента на која ги бележат поважните настани од неговиот живот: (1) кога бил роден и кои му биле родители, (2) кога го почнал образованието и кој му бил учител, (3) кога станал крал, (4) кога започнал со воените походи и со која држава прво војувал, (5) кога и каде починал. Другата половина од групите на посебни листови со текст и слики пишува: (1) како изгледал, (2) како му се викал омилениот коњ, (3) кој му бил најверен другар, (4) кои му биле најпознатите сопруги, (5) како се однесувал со војниците. Откако секоја група ќе го презентира сработеното, во заедничка дискусија се истакнуваат моментите кои им оставиле најголем впечаток на учениците.
- Учениците се поделени во четири групи – Антигониди, Селевкиди, Птолемаиди и судии. Секоја група добива насоки за истражување на специфичните достигнувања и слабостите на својата династија. Тие ги истражуваат областите како: воени успеси (битки, територијални освојувања), економија (трговија, развој на градови) и култура (уметност, архитектура, наука). Наставникот обезбедува ресурси како текстови, мапи, илустрации и кратки извори. Секоја група назначува:

  1. главен говорник (ги презентира основните аргументи)

  2. воен стратег (ги објаснува воените успеси)

  3.културен аналитичар (зборува за културните достигнувања)

  4. економски советник (ги истакнува економските предности).

  Секоја група ги изложува своите аргументи пред судиите. Следува дискусија за тоа како различните аспекти на династиите влијаеле врз античкиот свет.
- Наставникот започнува разговор со учениците за нивното секојдневие и активностите што ги извршуваат во текот на денот. Потоа учениците се делат во 6 групи. Секоја група добива работен лист со текст, историски извори (илустрирани и пишани) и прашања за секојдневниот живот на жените, мажите и децата во Атина и Спарта (изработен од наставникот). Секоја група работи на задачите од работниот лист и ги запишува одговорите. Наставникот на таблата црта Венов дијаграм и во него се запишуваат одговорите на учениците од секоја група. Потоа во отворена дискусија заеднички се утврдуваат сличностите и разликите во секојдневниот живот на жените, мажите и децата во Атина и Спарта. Наставникот ја продолжува дискусијата и ги поттикнува учениците да размислат за разликите во образованието во стара Грција и денес.

- Учениците, поделени во групи, истражуваат за Олимписките игри: (1) Кога, каде и во чија чест се организирале Олимписките игри во Стара Грција? (2) Кои спортски дисциплини биле застапени? (3) Кој можел да учествува? Во отворена дискусија се одговара на прашањата што ги поставува наставникот и за секое прашање се прави споредба за тоа како било тогаш, а како е сега. На крајот се заклучува за значењето на Олимписките игри во Стара Грција.
- Учениците следат презентација за иселувањето на Грците од Грција и создавањето на колонии на бреговите на Црното, Јадранското и Средоземното море. Потоа добиваат нема карта на која треба да ги означат правците на иселување и позначајните колонии. Потоа учениците во пар добиваат по еден историски извор (пишан или илустриран) со задача да го проучат и да ги запишат најважните информации. Учениците ги читаат одговорите, дискутираат и заеднички ги утврдуваат причините и последиците од грчката колонизација.
- Наставникот ги дели учениците во групи и им задава задача да истражуваат за развојот на науката во стара Грција и хеленистичкиот свет, најзначајните научни достигнувања и познати научници од различни области. Врз основа на истражувањето групите треба да изработат пано кое ќе го презентираат пред учениците и да изготват прашања кои ќе им ги постават на останатите ученици на крајот од претставувањето на своето пано. Наставникот дополнително ја насочува секоја група во изборот на литература, интернет страни и изгледот на паноата. Тој ги задава и темите за истражување:

  1. Хипократ – најпознатиот лекар на античкиот свет;
  2. Херодот – татко на историјата
  3. Најпознатите математичари на античкиот свет (Еуклид,Талес, Архимед и Питагора)
  4. Александрија – центар на хеленистичката наука

  Групите ги презентираат паноата, а потоа се води дискусија за влијанието на наведените достигнувања и научници во развојот на науката. Се изработува мисловна мапа на таблата во која се внесуваат најзначајните информации, поими и достигнувања.
- Наставникот преку презентација ги запознава учениците со книжевноста на старите Грци и улогата на театарот во животот на Грците. Потоа ги организира учениците во групи (по случаен избор) и секоја група добива сложувалка која треба да ја состави во најкратко време (слики од антички театри, богот Дионис, комичка и трагичка маска, музите Талија и Мелпомена, Софокле, Еврипид, Аристофан, Плаут). Наставникот ги објаснува деловите на театарот и им поставува прашања на учениците:

  1. Каде во Македонија се сочувани антички театри?

  2. По што се слични,а по што се разликуваат денешните театри од античките?

  3. Дали сте присуствувале на некоја драмска претстава (трагедија или комедија) и какви се вашите впечатоци?

  Во договор со учениците се организира креативна работилница за изработка на антички театарски маски (трагичка и комичка).
- Наставникот создава круг, симболизирајќи ја древната Агора, каде филозофите се собирале за реторички расправи. Откако наставникот ќе ги запознае учениците со животот и учењата на Сократ, Платон и Аристотел (преку презентација и познати цитати), започнува игра на улоги. Сите ученици седат во круг на столчиња. Учениците се поделени во „филозофски школи“ – Сократовци, Платоновци и Аристотеловци, за кратка дебата каде секоја група ги брани идеите и убедувањата на својот „учител“. Притоа, кога

ученикот стои на средината од Агората за да го изложи својот аргумент, односно да го презентира учењето на соодветниот филозоф, може преку рамо да префрли бела ткаенина за поголема автентичност.

- Наставникот прикажува 3D приказ на Акропол со посебен нагласок на храмовите (Партенон и Ерехтеон), статуи, релјефна декорација и слики со митолошки сцени. Потоа разговара со учениците и им поставува прашања:

  1. Кои се најзначајните објекти изградени на Акропол?

  2. Како се викал уметникот кој ја изработил статуата на Атена и ја надзирал работата околу изведувањето на градежните активности на ридот?

  3. Дали можете да наведете други познати дела на вајарот Фидија?

  Заеднички извлекуваат заклучоци за улогата на уметноста и градежништвото во животот на старите Грци и нивното влијание врз светската култура и уметност.

- Наставникот прикажува презентација за античкото културното наследство на Балканот. Ги презентира најзначајните археолошки наоѓалишта, остатоци од материјалната култура на античките Македонци, Илирите и Тракијците. Се дискутира за важноста на културното наследство и неговото зачувување. Учениците добиваат задача да изработат споредбена табела во која ќе ги внесат информациите кои биле презентирани на часот.

- Наставникот прикажува визуелна презентација „Дванаесет олимписки богови“. Потоа дискутира со учениците за нивната природа, улога и симболи. Наставникот ги запознава учениците со хероите и митолошките суштества во хеленската митологија. Им поставува прашања на учениците и ги поттикнува да размислуваат:

  1. Зошто старите Грци на боговите им придавале човечки облик?

  2. Дали боговите се бесмртни?

  3. Дали хероите се бесмртни? Постои ли некој херој меѓу олимпијците?

  4. Кое митско суштество ви остави најголем впечаток? Зошто?

  Наставникот им задава задача на учениците во пар да изработат проект за некое божество, херој или митско суштество.

- Учениците, поделени во групи, влечат по едно ливче со определен мит (митот за Персеј и Медуза, митот за Тезеј и Минотаурот, или митот за Прометеј, митот за златното јаболко). Во рамки на групата го анализираат митот и одговараат на следните прашања:

  1. Каква е улогата на боговите или на други натприродни суштества во митот?

  2. Зошто боговите биле безмилосни кон грешките на луѓето во митолошките собитија?

  3. Кои позитивни особини ги истакнува митот?

Секоја група ги презентира одговорите за „својот“ мит. На крајот, во заедничка дискусија се изведуваат заклучоци за улогата на митовите во формирање на верувањата и вредностите на луѓето во Стара Грција. [Дополнителна активност: драматизација на митовите од страна на учениците.]

Тема: ***СТАРИОТ РИМ***

Вкупно часови: **16**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го објаснува создавањето и ширењето на римската држава, државното уредување и управувањето со државата во стариот век;
2. ги објаснува војните на Рим за територијално ширење на Балканот, во Африка, Европа и Азија;
3. ги споредува и објаснува општественото уредување, стопанскиот и секојдневниот живот на Стариот Рим;
4. ги опишува културните, научни и технолошки достигнувања на старите Римјани и го препознава нивното влијание во современото општество;
5. го објаснува влијанието на Римската империја врз животот на луѓето во римските провинции Илирикум, Македонија и Тракија;
6. ги објаснува и споредува верувањата и религијата на Римјаните;
7. го објаснува настанувањето и ширењето на христијанството и неговото влијание врз животот на луѓето.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развие почитување за културното наследство на Римската империја како дел од светското културно наследство.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Почетоците на стариот Рим** (Етрурци, Латини, Ромул, Рем, кралеви, патриции, плебејци, робови) | • Ја определува географската местоположбата на градот Рим на историска карта.<br>• Наведува кога е основан Рим и опишува како е основан според легендата.<br>• Го опишува државното уредување на Рим во периодот на кралевите. |
| • **Римската република** (магистрати, конзули, Сенат, народни собранија, Форум, провинција) | • Го објаснува поимот република и ги наведува основните разлики меѓу кралството и римската република.<br>• Го опишува државното и општествено уредување на Римската република.<br>• Ги именува главните римски државни службеници и ги знае нивните овластувања.<br>• Ги објаснува внатрешните борби во републиката, реформите на браќата Граси и Спартаковото востание. |
| • **Војните на Римјаните** (легија, Картагина, Пунски војни, Ханибал, Галија, триумф, Римско- | • Ја разбира хронологијата и етапите на римското ширење преку војна.<br>• Ја опишува римската војска.<br>• Ги наведува и етапите на римското ширење преку војна. |

| | |
|---|---|
| Илирски војни, Римско-Македонски војни, Агрон, Теута, Филип V, Персеј, Киноскефала, Пидна) | • Го објаснува подемот и проширувањето на римската држава.<br>• Ја објаснува поделбата на Балканскиот полуостров на провинции. |
| • **Времето на царевите**<br>(император, Кајсар, Август, династии, Нерон, Трајан, Хадријан, Диоклецијан, Константин, Теодосиј, провинции, принципат, доминат) | • Го објаснува прераснувањето на Рим од Република во империја.<br>• Ги наведува најважните римски цареви, нивните особености и нивните главни постигања.<br>• Ги објаснува и споредува поимите принципат и доминат. |
| • **Падот на западното царство**<br>(Хуни, Германи, барбарски напади, преселба на народите, Атила, Вандали, Визиготи, Аетиј, Аларих, Ромул Августул) | • Ги наведува причините за опаѓањето и падот на Западното Римско Царство.<br>• Ги сфаќаат барбарските напади како дел од поголемо придвижување на племиња и народи од Азија кон Европа. |
| • **Животот на старите Римјани**<br>(патриции, плебејци, робови, гладијатори, амфитеатар, Големиот Киркус, тога, стола, пала, фамилија, род, татко на семејството, инсула, занаетчиство, трговија, морепловство) | • Ги опишува општествените групи во римската држава.<br>• Го разбира значењето на ропството за римското стопанство.<br>• Го опишува секојдневниот животот на луѓето (храна, облека, музика, забава, семејство) во Римската империја.<br>• Набројува разни стопански дејности на населението во Рим и го објаснува нивното влијание на животот на луѓето и државата. |
| • **Римската наука и технологија**<br>(цемент, лак, купола, амфитеатар, Колосеум, Пантеон, терми, аквадукт, инсула, балиста, катапулт) | • Ја објаснува улогата на Римјаните во развојот на историјата, филозофијата, медицината, географија и римското право.<br>• Го наведува придонесот на Римјаните во технологијата на градежништвото и материјалите за градба.<br>• Ги наведува специфичните римски типови на градби.<br>• Ги знае и опишува бојните справи и воената техника на Римјаните. |
| • **Римската култура и нејзиното наследство**<br>(комедија, Плаут, лирска поезија, Катул, Вергилиј, Кикерон, Форум, Виа Егнатија, Колосеум, Херкуланеум, Помпеја, фрески, мозаик, портрет, биста) | • Ги наведува најзначајните римски книжевни видови и нивните најистакнати претставници.<br>• Ги опишува римските достигања во сликарството, вајарството и мозаикот.<br>• Ги препознаваат зачуваните траги од римската култура на Балканот.<br>• Ги наведува поважните археолошки наоѓалишта на градовите од античко време во РС Македонија и ја определува нивната местоположба на историска и географска карта. |

| | |
|---|---|
| | • Ја објаснува важноста на античките археолошки наоѓалишта како заедничко културно наследство на балканските народи. |
| • **Верувањата на старите Римјани** (римски пантеон, Јупитер, Јунона, Марс, Венера, Нептун, храмови, семејни божества, свештенство, свештенички редови, весталки) | • Ги наведува имињата и улогите на римските богови и божици.<br>• Го објаснува влијанието на римската митологија врз животот на луѓето.<br>• Ги поврзува римските богови со нивните грчки еквиваленти и ги воочува сличностите и разликите. |
| • **Раѓањето на христијанството** (Хебреи, Тора, политеизам, монотеизам, Исус, христијанство, апостоли, Стар Завет, Нов Завет, катакомби, христијански општини) | • Ја препознава важноста на хебрејската религија како прва монотеистичка религија и извор на христијанството и исламот.<br>• Ја опишува појавата на христијанството и неговото првично ширење.<br>• Го опишува постепеното прифаќање на христијанството во Римското Царство, прогоните на христијаните и неговото прифаќање како државна религија.<br>• Го разбира процесот на христијанизација на балканските народи. |

**Примери за активности**

- Наставникот им презентира на учениците карта со природно-географските карактеристики (реки, мориња, планини, полуострови) на Апенинскиот полуостров. Преку разговор со учениците објаснува за природните услови, населението и занимањата на луѓето кои живееле на овој простор. Потоа учениците добиваат ливчиња со племињата што го населувале полуостровот, кои треба да ги залепат на картата. Наставникот им прикажува видео запис на легендата за Ромул и Рем и настанокот на градот Рим. Разговара со учениците за нејзината веродостојност и им чита пишани извори (Тит Ливиј) и покажува материјални остатоци поврзани со настанокот на Рим (ѕидини, храм, Форум, етрурски кралеви). На таблата црта Венов дијаграм и заедно со учениците прави споредба на легендата и научните докази за настанокот на градот.

- На таблата наставникот црта временска линија и го определува периодот кога Рим станал република. Учениците следат презентација во која се наведени главните носители на власта во Римската република (конзули, Сенат, собранија, поделбата на населението на патриции, плебејци и робови). Учениците, поделени во групи добиваат задолженија: 1. да изработат табела за државното уредување на Рим во време на републиката; 2. да изработат пирамида со општествените слоеви во римската држава. Наставникот им поставува прашања на учениците, а тие ги читаат одговорите од табелата и пирамидата.

  1. Кој заземал највисоко место во републиката и која била нивната улога?

  2. Кој ги советувал конзулите, одлучувал за државните работи и во кризни ситуации именувал диктатори?

  3. Која улога ја имало Народното собрание?

  4. Колку често се прогласувале диктатори и која била нивната улога во Рим?

5. На кои слоеви се делело римското општество?

- Секој ученик влече по едно ливче за да се распореди во групата на плебејци и во групата на патриции. [Зависно од големината на паралелката, може да се формираат повеќе групи плебејци, односно патриции.] Секоја група истражува за „својата“ општествена група и подготвува постер во кој се опишани (со текст и слики) следните карактеристики на групата: местото и моќта во општеството, занимањата и сопственоста/богатството. Пред презентациите на постерите на учениците, наставникот ги презентира карактеристиките на робовите како посебна општествена група во Римската република. По презентациите и за плебејците и патрициите, преку отворена дискусија се споредуваат во поглед на анализираните карактеристики.
- Учениците се делат во две групи: магистрати и сенатори. Секој ученик од групата на магистратите треба да истражи и презентира некоја конкретна улога во раната Република, како што се конзул, претор, едил или цензор. Тие имаат задача да донесат важна политичка одлука, која ќе ја предложат пред Сенатот. Групата на сенаторите има задача да ги разгледа предложените закони и да одлучи дали ќе ги усвојат. По завршувањето на дебатата, ќе се спроведе гласање за прифаќање на законите, а наставникот ќе изврши рекапитулација и ќе ги објасни клучните политички процеси што се случувале во Рим.
- Учениците се делат во групи, при што секоја група ќе биде задолжена за една римска провинција. Групите истражуваат за животот во нивната провинција и односите на нивната провинција со другите делови на империјата. Главните прашања кои треба да ги одговорат се:

 1. како се спроведува римската власт во нивната провинција (управа, инфраструктура, градби, даноци);

 2. кои природни ресурси или богатства се значајни за нивната провинција и како тие влијаат на економијата на Империјата.

 Секоја група испраќа по еден пратеник до императорот (наставникот) кој ги изложува сите позитивни и негативни страни на римската управа. Императорот може да ги намали или зголеми нивните даноци, а победува онаа провинција, односно група, која има најдобри аргументи и со тоа ќе успее да биде ослободена од даноците.

- Учениците во парови добиваат три табели со прашања и задачи кои се однесуваат на трите Пунски војни. Додека учениците истражуваат и ги пополнуваат табелите, наставникот ги црта на таблата. Потоа учениците ги споредуваат и усогласуваат задачите од табелите и ги презентираат. Наставникот ги запишува одговорите во табелите на таблата и ги објаснува победите и поразите на двете страни (битките кај Кана, Зама, походот на Ханибал, опсадата на Картагина и улогата на римскиот војсководач Скипион). Преку дискусија заеднички извлекуваат заклучоци за причините и последиците од Пунските војни (Рим станува господар на западното Средоземје). Наставникот на табла ја запишува римската изрека: „Тешко на победените“, и бара да ја објаснат во контекст на судбината на Картагина.
- Учениците следат презентација во која се објаснува за гладијаторите како робови во Рим, за борбите меѓу гладијаторите во Колосеумот, за потеклото на Спартак, за Спартаковото востание (кој учествувал, која била причината и против кого се организирало). По презентацијата учениците, поделени во групи, осмислуваат и цртаат стрип (со најмалку 10 сцени) што го опишува животот и борбата на Спартак. Притоа, може да користат материјали од различни извори. Откако секоја група ќе го презентира својот стрип,

се води дискусија во која се објаснува улогата на Спартак како водач во борбата за слобода на угнетените и како симбол за отпор против неправда.

- Наставникот преку презентација објаснува кој бил Гај Јулиј Цезар и зошто тој бил една од најзначајните личности во римската историја. Ги наведува неговите воени успеси, изборот за доживотен диктатор, неговиот однос кон сиромашните и начинот на кој го изгубил животот. Учениците се делат на цезаровци, анти-цезаровци и „неутрални Римјани“. Оваа активност може да се изведе индивидуално, во парови или во групи. Цезаровците ќе ги истражуваат придонесите на Цезар од воен, економски, социјален, правен и културен аспект. Анти-цезаровците ќе се фокусираат на неговите ривали, политичките интриги и неговиот однос со Сенатот, како и на можноста за негово „насилно владеење“. Учениците кои не се вклучени директно во дебатата ќе ги претставуваат „неутралните“. Нивната задача ќе биде да слушаат внимателно и да им поставуваат прашања на двете групи. Тие ќе мора да проценат која група е поубедлива и што мислат за тоа дали Цезар треба да остане на власт.
- Учениците се делат во пет групи и секоја група истражува за еден аспект од секојдневниот животот на луѓето во Римската империја: храна, облека, музика, забава, семејство. Целта е сите групи заедно да подготват еден голем постер на кој секој аспект ќе биде прикажан преку слики што групите ги наоѓаат на интернет, ги печатат, сечат и лепат на голем хамер под соодветни наслови, при што обрнуваат внимание во сликите да бидат прикажани и побогатите и посиромашните, како и мажите, жените и децата. Потоа, секоја група ги користи сликите за да го опише аспектот од секојдневниот живот на кој работела. На крајот, во отворена дискусија, заеднички се заклучува дека секојдневниот животот на луѓето во Римската империја во голема мера се разликувал зависно од општествената група на која припаѓале.
- Учениците следат презентација за пропаѓањето на Римската империја. Наставникот црта табела со две колони: причини за пропаѓање на империјата и последици од пропаѓањето. Учениците ја цртаат табелата во тетратките и ги внесуваат податоците од презентацијата. На учениците во парови им дава нема карта, на која треба да ги означат: правците и „варварските“ племиња кои ја напаѓале Римската империја; границата на поделба на источна римска и западна римска империја и нивните престолнини; териториите кои им припаднале на двата дела на империјата. На временска лента на таблата учениците ги означуваат назначајните настани од периодот на распаѓање на империјата: 1. Почетокот на Големата преселба на народите; 2. Нападите на Визиготите и Вандалите на Рим; 3. Поделбата на империјата од царот Теодосиј I; 4. Пропаѓањето на Западното римско царство. Се развива дискусија за последиците од пропаѓањето на империјата и нејзиниот одраз на европската историја.
- Наставникот прикажува 3D приказ на римскиот Форум со посебен нагласок на зградите на државните институции(архив, курија, затвор), храмови,базилики, триумфални порти, ростра, статуи, релјефна декорација .Потоа разговара со учениците и им поставува прашања:

  1. Кои се најзначајните градби изградени на Форумот?
  2. Кои градби се белег на римската архитектура?
  3. Зошто Римјаните граделе аквадукти?
  4. Која била улогата на триумфалните порти во римското градителство?

5. Кој можел да ги користи јавните бањи (терми) и која била нивната намена?

Заеднички извлекуваат заклучоци за улогата на уметноста и градежништвото во животот на Римјаните и нивното влијание на светската култура и уметност.

- Учениците, поделени во групи од 3-4 члена, изработуваат карти за играње со грчките и со римските богови и божици - на секоја карта го пишуваат името на еден бог/божица и цртаат слика за него/неа, по модел на илустрации од интернет, при што треба да ја запамтат улогата на секој од боговите/божиците. Дополнителна карта го претставува Пантеон. Потоа, картите, по случаен редослед се делат меѓу членовите на групата и еден од друг влечат по една карта – секогаш кога ќе спарат грчки и римски бог/божица ги поставуваат спарените карти на масата. Играта продолжува сè додека се спарат сите, а победник е оној кој ќе остане со картата со Пантеонот. Секоја група на лист ги залепува паровите и за секој пар ја запишува улогата на боговите/божиците. При презентацијата прави аналогија со имињата на планетите од Сончевиот систем. На крајот, наставникот поставува прашања во отворена дискусија, за да се дојде до заклучокот дека верувањата во боговите имало влијание на ритуалите и обредите со принесување жртви, градење светилишта и храмови во чест на боговите, преку што се сметало дека ќе се задоволат боговите и ќе се придобие нивната наклоност.
- Учениците се делат на христијански мисионери и пагански свештеници. Мисионерите ќе го истражуваат христијанското учење и значењето на крипто-симболите кои се сликале во катакомбите. Свештениците ќе го истражуваат римскиот пантеон. По истражувањето, учениците ќе организираат дебата во која групите ќе ги изнесат своите аргументи пред Императорот (наставникот). Во дебатата, мисионерите ќе го бранат моралот и правдата што ги носи христијанската вера, додека паганските свештеници ќе ги истакнуваат важноста на традицијата и стабилноста што ја нудат римските богови и религиските обреди.
- Проектна активност: Културата и науката во Стариот Рим: Целта на активноста е, преку истражување на интернет, да се направи мултимедијална презентација. Податоците за презентацијата ги прибираат учениците (поделени во групи) на неколку последователни часа. На крајот на секој час, наставникот го пишува текстот и ги додава илустрациите на слајдовите од презентацијата според укажувањата на учениците. На часовите се работи на:

1. час: Латинскиот јазик и позначајните литературни дела напишани на латински јазик. Присуството на латинскиот јазик во различни научни дисциплини

2. час: Главните достигнувања во архитектурата и уметноста. Главните достигнувања во градежништвото и воената технологија. Главните достигнувања, во математиката и медицината

3. час: Принципите на римското право и неговото влијание врз законите. Влијанието на римското право и секојдневниот живот на луѓето

4. час: Се прикажува презентацијата и се води дискусија за придонесот на римската култура и наука за современата култура и наука.

На последниот час може да се организира римски ден, каде учениците по сопствен избор ќе „облечат тога“, односно преку рамото ќе префрлат ткаенина, и ќе учествуваат во различни активности кои го симулираат животот во антички Рим:

(1) Изложба на макети од римски вили и инсули;

(2) Изложба на мозаици инспирирани од римската уметност;

(3) Дегустација на традиционални римски јадења;

(4) Размена на писма меѓу учениците во кои ќе има латински термини;

(5) Кратка изведба на римска драма;

(6) „Ковање монети“, односно дизајнирање на сопствени монети;

(7) Играње римски игри како Terni Lapilli, Tabula, Ludus Latrunculorum;

Учениците можат да изработат и „Енциклопедија“ со факти за Рим во која ќе додадат фотографии од настанот.

- Учениците следат презентација за влијанието на римската култура врз начинот на живеење за време на римското владеење на Балканот во која се нагласува: (1) изградбата на патишта, мостови и аквадукти, што овозможило комуникација помеѓу различните региони и културна и економска размена, (2) изградбата на храмови, театри и други јавни објекти во римски архитектонски стил што придонело за ширење на римската култура, уметност и религија. Учениците, поделени во групи, истражуваат за Via Egnatia/Виа Игнација, Аполонија, Бутринт, Скупи, Стоби, Севтополис, Хераклеа, Требениште и Наисус, ги лоцираат на мапа и определуваат преку кои артефакти и археолошки остатоци (оружје, грнчарија, монети, градби) во секое од наоѓалиштата се гледа античкото влијание. По претставувањето на работата на групите, преку отворена дискусија се објаснува важноста на античките градови на Балканот како воено-административни и културни центри и посебно се потенцира важноста на античките археолошки наоѓалишта како заедничко културно наследство на народите на Балканот.

**ГЕОГРАФИЈА**

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: ОРИЕНТАЦИЈА ВО ГЕОГРАФСКИОТ ПРОСТОР<br>Вкупно часови: 14</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. користи глобус, географска карта, напоредници, меридијани, изохипси и картографски знаци во конкретни ситуации;<br>2. определува географска широчина и географска должина на одредено место и да користи размер за пресметување на растојание во природа со помош на географска карта;<br>3. објаснува за начини на ориентација во просторот и да применува некои од нив во пракса;<br>4. објаснува за месно/локално време, зонско време, светско време, часовни зони и да определува зонско време на места/градови кои припаѓаат во различна часовна зона.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими)</td><td>Стандарди за оценување</td></tr>
<tr><td>• Земјата на глобус и географска карта<br>• Размер<br>(глобус, географска карта, географски атлас, размер, броен размер, графички размер, крупноразмерни карти, среднаразмерни карти, ситноразмерни карти, топографски карти, тематски карти, картографски проекции, напоредници, меридијани, географска/картографска мрежа, изохипси, картографски знаци)</td><td>• Користи глобус и географска карта како модел за прикажување на Земјата.<br>• Го објаснува значењето на размерот на карта.<br>• Пресметува растојание во природа меѓу две точки измерени на карта со помош на размер (броен и графички).<br>• Класифицира видови географски карти според големината на размерот (крупноразмерни, среднаразмерни и ситноразмерни) и според содржината (географски, топографски и тематски).<br>• Го објаснува значењето на напоредници, меридијани, изохипси и картографски знаци и ги користи во конкретни ситуации.</td></tr>
<tr><td>• Географска широчина и географска должина<br>(географска широчина, географска должина)</td><td>• Го објаснува значењето на географска широчина и географска должина.<br>• Определува географска широчина и географска должина на одредено место со помош на географска карта и глобус.</td></tr>
<tr><td>• Ориентација во просторот<br>географска ориентација, компас)</td><td>• Правилно ги определува страните на светот без користење инструмент (според небесни тела, религиозни објекти и други појави, растенија и предмети).<br>• Користи компас или мобилна апликација за географска ориентација во просторот.</td></tr>
<tr><td>• Часовни зони<br>(ден, седмица, месец, година, месно/локално време, зонско време, светско време, датумска граница, часовни зони)</td><td>• Прави врска меѓу Земјината ротација и времетраењето на денот и меѓу Земјината револуција и времетраењето на една година.<br>• Разликува месно/локално време, зонско време и светско време.<br>• Го објаснува распоредот и бројот на часовни зони на Земјата и толкува карта со часовни зони на Земјата.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Определува зонско време на одредено место со помош на карта со часовни зони. |

**Примери за активности**

- Учениците во мали групи/парови, користејќи енциклопедии и/или интернет, истражуваат за географска карта и глобус. Разгледуваат различни видови карти (планови, топографски, политички, стопански итн.) и ги класифицираат според големината на размерот и според содржината. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи.
- Учениците во мали групи/парови, користејќи енциклопедии и/или интернет, истражуваат за картографски знаци и изохипси. Секоја група подготвува куса презентација и на крајот сите заедно водат дискусија за практичната примена на картографските знаци и изохипсите на географската карта.
- Ученикот, самостојно на карта, определува географска широчина и географска должина за одредено место.
- Учениците во мали групи/парови, со помош на размер, определуваат колку изнесува одредено растојание во природа спрема истото растојание измерено на карта. Секоја група презентира за добиениот резултат.
- Ученикот, самостојно на карта определува растојание меѓу две точки со помош на графички размер.
- Учениците во мали групи/парови изработуваат план на својата училница во зададен размер.
- Учениците во мали групи/парови, користејќи енциклопедии и/или интернет, истражуваат за ориентација на земјиштето без географска карта и за ориентација на земјиштето со географска карта. Секоја група го презентира своето истражување пред другите, а потоа практично покажуваат некои од начините за географска ориентација.
- Секој ученик, во училница или во природа демонстрира географска ориентација со помош на компас.
- Учениците во мали групи/парови, со помош на географска карта, определуваат зонско време на места/градови кои припаѓаат во различна часовна зона. Секоја група подготвува куса презентација и на крајот сите заедно водат дискусија за распоредот на часовните зони.

Тема: ***ГЕОГРАФИЈА НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ЗЕМЈИ***

Вкупно часови: **22**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ја опишува географската положба и регионалниот преглед и главните градови на медитеранските земји и да ги покажува на географска карта;
2. ги опишува природно–географските карактеристики на медитеранскиот регион: релјеф, клима, хидрографија, растителен и животински свет;
3. ги опишува социо-географските карактеристики на медитеранските земји: број на население, застапени јазици, религии и други културни обележја;

| 4. ги набројува стопанските дејности кои се најзастапени во медитеранскиот регион и ги покажува на географска карта најголемите индустриски центри и најзначајните туристички места во регионот. | |
|---|---|
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Географска положба и регионален преглед на медитеранските земји** (медитерански земји, Средоземно Море, рабни морињa) | • Ги опишува медитеранските земји како држави кои излегуваат или се во непосредна близина на Средоземното Море или на некое од неговите рабни морињa и припаѓаат на делови од три континенти (Европа, Африка и Азија) и ги покажува на географска карта. <br>• Објаснува зошто медитеранските земји имаат поволна географска положба во светот. <br>• Ги именува сите медитерански држави и нивни главни градови и ги покажува на географска карта. <br>• Ги наведува современите медитерански држави кои се протегаат на териториите на старите цивилизации и ги покажува на географска карта. |
| • **Природно-географски карактеристики на медитеранските земји** (низини, Панонска, Ломбардиска, Влашка, Андалузија, Арагонија, планини, Пиринеи, Алпи, Апенини, Динариди, Атлас, Тавор, пустини, Сахара, Либиска пустина, Сириска пустина, клима, климатски типови, сливно подрачје, реки, Ебро, Рона, По, Дунав, Дњестар, Дњепар, Дон, Нил, Средоземно море, Лигурско Море, Тиренско Море, Јадранско Море, Јонско Море, Егејско Море, Мраморно Море, Црно Море, Азовско Море, Левантско Море, острови, Сицилија, Сардинија, Корзика, Крит, Балеарските острови, полуострови, Пиринејски полуостров, Балкански полуостров, Апенински полуостров, Мала Азија, полуостровот Тунис, полуостровот Барка, | • Ги именува најкарактеристичните релјефни целини во медитеранскиот регион (низини, планини и пустини), ги именува државите во кои тие се протегаат и ги покажува на географска карта. <br>• Наведува низ кои топлински појаси се протега и кои климатски типови се доминантно застапени во медитеранскиот регион и ги опишува нивните карактеристики. <br>• Го опишува сливното подрачје на Средоземното Море, ги именува најголемите реки кои се влеваат во него, низ кои држави поминуваат и ги покажува на географска карта. <br>• Го опишува Средоземното Море и ги наведува неговите рабни морињa и ги покажува на географска карта. <br>• Ги наведува најголемите острови, полуострови и заливи и во Средоземното Море и на кои држави припаѓаат. <br>• Ги опишува најзначајните протоци во медитеранскиот регион, кои морињa ги поврзуваат овие протоци и ги покажува на географска карта. <br>• Наведува типични претставници на растителниот и животинскиот свет на медитеранскиот регион и ја опишува нивната распостранетост и значење за овој регион. |

| | |
|---|---|
| заливи (Лионскиот, Ценовскиот, Солунскиот, Анталиски, Сидра) протоци, (Гибралтарски проток, Дарданели, Босфор, Керчанска врата, Суецки канал), јужно овошје, винова лоза, маслинки. | |
| • **Социо–географски карактеристики на медитеранските земји**<br>(број на население, густина на населеност, религии, христијанство, ислам, јудаизам, градови, пристаништа, Барселона, Марсеј, Рим, Неапол, Атина, Истанбул, Измир, Бејрут, Тел Авив, Алжир, Тунис, Триполи, Александрија) | • Го наведува вкупниот број на население кое живее во медитеранските земји.<br>• Ги именува најголемите градови и најголемите пристаништа од државите во медитеранскиот регион.<br>• Ја објаснува разноликоста во јазиците, религиите, храната, архитектурата и музиката на земјите од медитеранскиот регион, наведувајќи примери кои укажуваат на сличности и разлики. |
| • **Стопанско–географски карактеристики на медитеранските земји**<br>(стопански дејности, индустриски центри, туристички места) | • Набројува кои стопански дејности се најзастапени во медитеранскиот регион (земјоделство, индустрија, трговија и туризам) и објаснува зошто.<br>• Ги набројува најголемите индустриски центри на медитеранскиот регион и ги покажува на географска карта.<br>• Ги опишува најзначајните туристички места на медитеранскиот брег и ги покажува на географска карта. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за тоа кои држави припаѓаат во групата медитерански земји, на кои континенти се наоѓаат, каква е нивната географска положба и кои се нивни главни градови. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за поволната географска положба на овие држави.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за топлинските појаси во кои се протега медитеранскиот регион, климатските типови, најкарактеристичните релјефни целини во овој регион (низини и планини) и кои се најзначајни претставници на растителниот и животинскиот свет на овој регион. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и ги покажува на географска карта најголемите низини и планини во овој регион.
- Учениците следат визуелна презентација преку која се запознаваат со одредени карактеристики на Средоземното море. Потоа поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за рабните морињa на Средоземното

Море и поголемите реки кои се влеваат во него и низ кои држави поминуваат. Секоја група подготвува куса презентација, ја презентира пред другите групи и покажува на географска карта.

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за современите медитерански држави што се протегаат на териториите на старите цивилизации. Секоја група подготвува табеларен преглед во кој се наведени името на конкретна стара цивилизација, континентот на кој се протегала, името на денешните современи држави каде се протегала.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за поголемите острови (на кои држави припаѓаат), полуострови (кои држави се наоѓаат на нив), заливи и протоци (кои мориња ги поврзуваат) кои се наоѓаат во Средоземното море. Секоја група подготвува табеларен преглед, презентира пред другите групи и покажува на географска карта.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, изработуваат постер со текст и фотографии на типични претставници на растителниот и животинскиот свет на медитеранскиот регион. Во дискусија се опишува нивната распостранетост и се објаснува нивното значење за регионот.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за бројот на население во државите од медитеранскиот регион. Секоја група подготвува табеларен преглед со вкупен број на население за државата, густина на населеност, која религија е застапена и најголем град според бројот на население во таа држава. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за вкупниот број на население во целиот медитерански регион, кои се најгусто населени држави, каква е религиската припадност на населението и кои се најголеми градови во овој регион и ги покажуваат на географска карта.
- Проектна активност: Разноликостите на медитеранот. Учениците се делат во три групи и секоја група добива да работи на две земји (1) Италија и Турција, (2) Грција и Египет (3) Израел и Мароко. Групите истражуваат на интернет за јазикот, религијата, храната, музиката и архитектурата на „своите“ земји и подготвуваат мултимедијална презентација (со слики, карти, видео/аудио материјал, текст) преку која ги споредуваат. Секоја група ги презентира „своите“ земји пред целата паралелка. На крајот, преку заедничка дискусија се споредуваат сите шест земји (ги откриваат сличностите и разликите), ги прикажуваат во резимирана форма на табла и изведуваат заклучок за разноликоста на медитеранскиот регион.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет и илустриран материјал, истражуваат за стопанските дејности кои се најмногу развиени во државите од медитеранскиот регион. Секоја група подготвува куса презентација и ја презентира пред другите групи. На крајот сите заедно водат дискусија и доаѓаат до заклучок за тоа која стопанска дејност е најзастапена во овие земји.

- Учениците следат визуелна презентација преку која се запознаваат со најголемите пристаништа и најатрактивните туристички дестинации во медитеранскиот регион. Потоа дискутираат за нивното значење во економскиот  развој на државата во која се наоѓаат.
- Учениците се делат во четири групи кои ќе глумат туристичка агенција и треба да подготви рекламен материјал (во вид на брошура) за посета на туристички места од Медитеранскиот регион. Во рекламниот материјал треба да препорача туристичка тура за посета на сите медитерански земји од даден континент, при што се наведува земјата, јазикот што се зборува, валутата што се користи, главниот град и позначајните културни знаменитости, традиционалната храна и климата. Една група работи на медитеранските земји од Африка, друга на медитеранските земји од Азија, третата на медитеранските земји од Европа кои излегуваат на Јадранското и Јонското море, а четвртата, останатите земји од Европа кои имаат директен излез на Средоземното море. Брошурите содржат текст и илустрации. На крајот ги споделуваат брошурите и бираат што најмногу би сакале да посетат кога би биле туристи.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, пополнуваат неми карти за медитеранскиот регион по насока на наставникот (реки, планини, градови).

**ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

| Тема: ***ДЕМОКРАТИЈА И ЗАКОНИ***<br>Вкупно часови: **10** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. објаснува што значи демократија и демократско уредување;<br>2. ја објаснува улогата на законодавната, извршната и судската власт;<br>3. ги наведува елементите на владеење на правото и принципите на добро владеење;<br>4. препознава повреда злоупотреба на овие принципи.<br><br>Ученикот/ученичката развива свесност:<br>5. за потребата од владеење на правото и развивање правна држава. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Демократија и демократско уредување**<br><br>(современа демократија, атинска демократија, непосредна и претставничка демократија, претседателска и парламентарна демократија, демократски избори, референдум, право на глас, граѓани) | • Го објаснува поимот демократија.<br>• Прави разлика меѓу непосредна и претставничка демократија и го објаснува нивното функционирање.<br>• Прави разлика меѓу претседателска и парламентарна демократија и го објаснува нивното функционирање.<br>• Го опишува процесот на спроведување демократски избори.<br>• Прави разлика меѓу атинската демократија и современите демократии. |
| • **Поделба на власта**<br><br>(Устав, закони, власт, законодавна, извршна и судска власт, Претседател, собрание, пратеници, Влада, министри, судови, судии, корупција) | • Ја објаснува улогата на Уставот за функционирање на државата.<br>• Ја објаснува поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.<br>• Ги именува институциите на власта и ги споредува врз основа на нивните надлежности и функции.<br>• Дава примери на функционирањето на законодавната, извршната и судската власт во интерес на граѓаните.<br>• Дава примери на злоупотреба на власта. |
| • **Владеење на правото**<br><br>(еднаквост пред законите, одговорност пред законот, праведен и непристрасен правен | • Ја објаснува улогата на законите од антиката до денес.<br>• Ја објаснува потребата од владеење на правото и обезбедување правна држава.<br>• Ги објаснува, преку примери, клучните елементи на владеење на правото (еднаквост пред законите, одговорност пред законот, праведен и непристрасен правен систем, достапност до правда и транспарентност). |

| | |
|---|---|
| систем, достапност до правда и транспарентност) | • Дава примери на ситуации на повреда на владеење на правото. |
| • **Принципи на добро владеење**<br><br>(отчетност, транспарентност, непристрасност и одговорност) | • Ги објаснува, преку примери, принципите на добро владеење (отчетност, транспарентност, непристрасност и одговорност).<br>• Дава примери на ситуации кога институциите ги прекршуваат принципите на добро владеење. |

**Примери за активности**

- Во отворена дискусија учениците кажуваат што подразбираат под поимот *демократија,* и зошто демократијата е важна за општеството. Преку прашањата што ги поставува наставникот треба заеднички да се заклучи дека во демократијата моќта е во рацете на граѓаните. Потоа наставникот ги објаснува разликите меѓу непосредна и претставничка демократија и учениците, поделени во мали групи, наведуваат примери на тоа кога во нивното училишта, а кога во нашата држава, се применува директна демократија (на пр., при избор на претседател на одделенска заедница, односно при избор на Претседател на државата), а кога претставничка (на пр., кога претседателот на одделенската заедница ги застапува пред другите тела во училиштето, односно кога пратениците во Собранието одлучуваат во име на граѓаните). Откако групите ќе ги презентираат своите примери, се отвора дискусија преку која треба да се заклучи каква е разликата во функционирањето на непосредна и претставничка демократија.
- Наставникот организира дебата на тема ,,Претседателска и парламентарна демократија“: Учениците се делат во четири групи – две треба да се подготват да аргументираат за предноста на претседателска, а другите две за предноста на парламентарна демократија. При подготовката треба да ги согледаат предностите и недостатоците на двата вида демократии за да може да ги нагласуваат оние што одат во прилог на „нивната“. Потоа, по еден претсваник секоја група учествува во дебата, а другите следат дали сите аргументи се кажани. На крајот се резимираат разликите меѓу двата вида демократии и наставникот дава примери држави во светот кои се карактеристични за двата вида демократии.
- Учениците следат презентација во која се опишани чекорите во процесот на спроведување демократски избори за избор на Претседател на нашата држава. Потоа, поделени во групи, опишуваат како тој процес, чекор по чекор, би требало да се примени при избор на Претседател на одделенска заедница. Откако групите ќе ги презентираат и усогласат чекорите, се дискутира колку тие чекори доследно се применуваат при изборот на претседател на нивната одделенска заедници и доколку не, се заклучува за тоа кои се последиците од недоследаната примена.
- Учениците, поделени во групи, врз основа на она што го учеле за Атинската демократија прават споредби со современите демократии. Половина од групите ги наведуваат сличностите, а другата половина, разликите. Секоја група, една по друга, запишува

на табла по една сличност/ разлика под соодветниот наслов (*Сличности*, односно *Разлики*), сè додека не се запишат сите што ги откриле, без повторување. На крајот, учениците што работеле на сличностите ги резимираат разликите до кои дошле другите групи, а оние што работеле на сличностите, обратно.

- Учениците се делат во групи и секоја група добива примерок од Уставот на државата и задача да подготви постер (со текст и слики) во кој ќе ги наведе членовите од Уставот со кои се определуваат различни аспекти, при што секоја група работи на одделен аспект, на следниот начин:
  1. група: Ги наведува членовите од Уставот кои укажуваат каква е определена државата и кои се нејзините темелни вредности (од Основни определби)
  2. група: Наведува 5 члена (по избор) од првите 10 што се однесуваат на граѓански и политички слободи и права (од Основни слободи и права на човекот и граѓанинот)
  3. група: Наведува 5 члена (по избор) од последните 10 што се однесуваат на граѓански и политички слободи и права (од Основни слободи и права на човекот и граѓанинот)
  4. група: Наведува по еден член што ја дефинира улогата на Собранието, на Владата и на Претседателот (од Организација на државна власт)
  5. група: Наведува по еден член што ја дефинира улогата на Судството и на Јавното обвинителство (од Организација на државна власт).

  Постерите се закачуваат на табла и секоја група го презентира пред другите. На крајот се води дискусија за улогата на Уставот за функционирање на државата и се заклучува дека Уставот е основен документ кој што ги воспоставува принципите, структурата и функционирањето на државата.
- Учениците, поделени во парови, добиваат сет од листови и на секој лист е напишана по една од следните големи букви: З (за законодавна), И (за извршна) и С (за судска). Наставникот чита реченици во кои се наведени одделни институции што се носители на законодавната, извршната и судската власт и/или одделни нивни надлежности/функции. По секоја прочитана реченица, паровите го дигаат листот со буквата што мислат дека се однесува на реченицата и откако ќе го слушнат точниот одговор, заеднички констатираат колку од паровите точно одговориле. Истовремено, наставникот на табла ја запишува институцијата и нејзината надлежност во едно од трите полиња насловени како *Законодавна власт, Извршна власт* и *Судска власт.* На крајот се води дискусија во која учениците даваат примери на функционирање на законодавната, извршната и судската власт во интерес на граѓаните и примери кога власта се злоупотребува.
- Учениците, преку бура на идеи, ги посочуваат правилата што обезбедуваат функционирање на училиштето. Наставникот ги запишува на табла и заедно со учениците ги групира на правила за организација на наставата, за однесување на учениците, за однесување на наставниците итн. Во отворена дискусија учениците одговараат на прашањата: *Како би функционирало училиштето доколку не постојат правилата? Како би се однесувале учениците, а како наставниците? Колку учениците би*

*научиле во училиште?*. Потоа наставникот прашува по што правилата во училиште се слични со законите во државата и која е сличноста меѓу потребата за постоење правила за функционирање на училиштето со постоењето закони за функционирање на државата. Учениците се потсетуваат на законите во старите цивилизации и зошто биле тие донесени и заеднички заклучуваат за улогата на законите од антиката до денес, при што наставникот ја нагласува потребата од владеење на правото и обезбедување правна држава во современи услови.

- Учениците, поделени во пет групи. Секоја група влече по едно ливче од вкупно 5 на кои се напишани елементи на владеење на правото: (1) еднаквост пред законите, (2) одговорност пред законот, (3) праведен и непристрасен правен систем, (4) достапност до правда и (5) транспарентност. Групите го истражуваат на интернет значењето на „својот“ елемент за владеење на правото и го објаснуваат преку примери. Истовремено смислуваат и примери на ситуации од реалниот живот кога „нивниот„ елемент на владеење на правото е прекршен од страна на претставници на власта (министер/министерка, пратеник/пратеничка, судија/судијка, полицаец/полицајка) Секоја група прави постер со примерите преку кои се објаснува конкретниот елемент на владеење на правото (преку почитување и прекршување). Постерите се закачуваат на видно место. По презентацијата на секоја постер, од другите ученици се бара да дополнуваат примери во врска со конкретниот елемент.
- Учениците следат презентација на која се објаснети принципите на добро владеење (отчетност, транспарентност, непристрасност и одговорност). Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист во кој се опишани ситуации во кои различни институции ги почитуваат или ги прекршуваат принципите на добро владеење: нивна задача е да го идентификуваат принциипот на кој се однесува секоја од опишаните ситуации и покрај принципот да напишат дали ситуацијата опишува негово почитување или прекршување. Потоа, со помош на наставникот се проверува точноста на одговорите. На крајот, учениците добиваат можност да наведат и други примери кои самите ги смислиле.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- истржувачките активности за прибирање податоци,
- изработките (мултимедијални презентации, постери, брошури и друг вид презентации),
- придонесот во работата во мали групи
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и тестови.

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците согласно стандардите за оценување од наставната програма во рамки на секоја дисциплина од наставната програма го врши наставникот кој ја реализира наставата за таа дисциплина. По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Постигањата на ученикот во текот на наставната година се запишуваат со описни оценки, а на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка за секоја дисциплина одделно.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по *Историја и општество* за VI одделение.** | бр. 12-1900/3<br>29.1.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |